ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR
EKONOMIZIM ME KULLOSA
Бр.-Nr. 02 - 215/4
31. 05. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 19 став 1, а во врска со член 2 став 4 и член 8 од Законот за Јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија„ бр.38/06, 6/02, 40/03, 46/06, 22/07, 83/09, 97/10, 62/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22)и член 16 од Сатутот бр.02-10/6 од 15.01.2016 година, Управниот Одбор на ЈП за пасишта,на 92-та седница одржана на ден 31.05.2023 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за утврдување на начинот за привремено користење на пасиштата во државна сопственост**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува начинот на привремено користење на пасишта во државна сопственост од страна на правни и физички лица.

**Член 2**

Раководителите или одговорните во Подружниците на ЈП за пасишта, врз основа на фактичката состојба на пасиштата, напасувањето и движењето на стоката, а поради потребата од регулирање на правото на напасување на стоката, договорите истечени од 31.12.2022 година, по поднесено барање од корисникот, можат да се продолжат со анекс на договор склучен помеѓу ЈП за пасишта и корисникот, со важност до 31.12.2023 година.

За сопствениците на стока кои користат и зимски и летни пасишта, а немаат истечени договори од 31.12.2022 година, правото на привремено напасување на стока можат да го остварат со поднесување на писмено барање до надлежната подружница.

Од денот на приемот на барањето, во рок од 15 дена ЈП за пасишта треба да донесе акт за одобрување или одбивање на

Në bazë të nenit 19 paragrafi 1, dhe në lidhje me nenin 2 paragrafi 4 dhe nenin 8 të Ligjit për Ndërmarrjet Publike ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 38/06, 6/02, 40/03, 46/ 06, 22/07, 83/09, 97/10, 62/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 dhe 35/19 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut " nr. 275/19, 89/22 dhe 274/22) dhe nenit 16 të Statutit nr. 02-10/6 të datës 15.01.2016, Këshilli Drejtues i NP për Kullosa, në seancën e 92-të të mbajtur më datën 31.05.2023, solli në vijim:

# VENDIM

**për përcaktimin e mënyrës për shfrytëzimin e përkohshëm të kullotave në pronësi shtetërore**

**Neni 1**

Me këtë Vendim përcaktohet mënyra e shfrytëzimit të përkohshëm të kullotave në pronësi shtetërore nga personat juridikë dhe fizikë.

**Neni 2**

Udhëheqësit ose përgjegjësit e Njësive rajonale të Ndërmarrjes Publike për Kullota, bazuar në gjendjen aktuale të kullotave, kullotjen dhe lëvizjen e bagëtive dhe për shkak të nevojës për rregullimin e së drejtës së kullotjes së bagëtive, kontratat të cilat kanë skaduar më datën 31.12.2022, me një kërkesë të paraqitur nga shfrytëzuesi mund të vazhdojë me një aneks kontratë e lidhur ndërmjet NP për kullosa dhe shfrytëzuesit, me afat deri më 31 dhjetor 2023.

Për pronarët e bagëtive që shfrytëzojnë kullotat dimërore dhe verore dhe nuk kanë kontratë të skaduar nga data 31.12.2022, mund të realizojnë të drejtën e kullotjes së përkohshme të bagëtive duke paraqitur kërkesë me shkrim në Njësinë rajonale kompetente.

Nga dita e pranimit të kërkesës, në afat prej 15 ditësh NP për kullosa duhet të sjellë një akt për miratimin ose refuzimin e kërkesës së

барањето на странката, при што се зема во предвид фактичката состојба, капацитет на пасиштето и подмирени обрски кон претпријатијето од страна на барателот.

palës, sipas së cilës meret parasysh gjendja aktuale, kapaciteti i kullosës dhe detyrimet e shlyera ndaj ndërmarrjes nga ana e parashtruesit të kërkesës.

**Член 3**

Сопствениците – одгледувачите на пчелните семејства кои користат пасишта во државна сопственост, а на кои договорите им се истечени од 31.12.2022 година, по поднесено барање од корисникот, можат да се продолжат со анекс на договор заклучно со 31.12.2023 година.

За сопствениците на пчелни семејства, кои немаат истечени договориод 31.12.2022 година, правото на привремено користење на пасиште за поставување на пчелни семејства можат да го остварат со поднесување на писмено барање до надлежната подружница.

**Neni 3**

Pronarët – mbykqyrësit e familjeve të bletëve që shfrytëzojnë kullota në pronësi shtetërore, të cilave u ka skaduar kontrata që nga data 31.12.2022, me kërkesë të shfrytëzuesit, mund të vazhdohen me aneks të kontratës me datë 31.12.2023.

Për pronarët e familjeve të bletëve, të cilët nuk kanë kontrata të skaduara nga data 31.12.2022, mund të realizojnë të drejtën e shfrytëzimit të përkohshëm të kullotës për vendosjen e familjeve të bletëve duke paraqitur kërkesë me shkrim pranë Njësisë rajonale kompetente.

**Член 4**

За остварување на правото на користење на пасишта во државна сопственост наведено во член 2 став 2 и член 3 став 2 од оваа одлука, ЈП за пасишта издава Дозвола за користење и движење на пасиште во државна сопственост за напасување на стока или за поставување на пчелни семејства.

Дозволите од став 1 од овој член ќе имаат важност до 31.12.2023 година.

**Neni 4**

Për realizimin e të drejtës së shfrytëzimit të kullotave në pronësi shtetërore të përmendura në nenin 2 pika 2 dhe nenin 3 pika 2 të këtij Vendimi, NP për Kullota jep Leje për shfrytëzimin dhe lëvizjen e kullotave në pronësi shtetërore për kullotjen e bagëtive ose për vendosjen e familjeve të bletëve.

Lejet nga paragrafi 1 i këtij neni do të vlejnë deri më 31 dhjetor 2023.

**Член 5**

Подносителот на барањето за користење на пасиште во државна сопственост пополнува изјава за видот и бројот на добиток или доставува документ за бројот на добитокот од надлежна институција.

По исклучок од став 1 од овој членза издавање на Дозвола за поставување на пчелни семејства на пасишта во државна сопственост,директорот на ЈП за пасишта формира 3 члена комисија и нивни заменици за разгледување на барањата со потребната документација.

Кон барањето за користење на пасиште во државна сопственостза поставување на пчелни семејства, подносителот треба да достави: имотен лист не постар од 3 месеци, потврда за бројот на пчелните семејства и потврда од надлежната

**Neni 5**

Aplikuesi i kërkesës për shfrytëzimin e kullotës në pronësi shtetërore plotëson një deklaratë për llojin dhe numrin e bagëtive ose dorëzon një dokument për numrin e bagëtive nga institucioni kompetent.

Me përjashtim të pikës 1 të këtij neni për dhënien e Lejes pë r vendosjen e familjeve të bletëve në kullotat në pronësi shtetërore, drejtori i NP për Kullota formon një komision 3 anëtarësh dhe zëvendësit e tyre për shqyrtimin e kërkesave me dokumentacionin e nevojshëm.

Me kërkesën për shfrytëzimin e kullotës në pronësi shtetërore për vendosjen e familjeve të bletëve, aplikuesi duhet të paraqesë: fletë pronësie jo më të vjetër se 3 muaj, vërtetim për numrin e familjeve të bletëve dhe vërtetim nga njësia kompetente

едница на локалната самоуправа дека парцелата предмет на барањето не е во урбанистички реон.

По поднесеното барање, претставник од ЈП за пасишта од надлежната подружница задолжително извршува увид на лице место на парцелата предмет на барањето и за истата составува записник.

Барањето со придружната документација се доставува до комисијата од став 2 на овој член во рок од 3 дена по извршениот увид на лице место.

Комисијата по разгледување на барањата до директорот доставува Извештај со предлог на издавање на одобрениа или одбивање на барањето.

Комисијата може да врши увид на лице место по барањата ако процени дека за истото е потребен дополнителен увид за утврдување на фактичка состојба.

**Член 6**

Оваа одлука се донесува поради потребата од трајно, континуирано и непрекинато вршење на дејноста на ЈП за пасишта како и сигурност во давањето на услугите.

**Член 7**

Се задолжува директорот на ЈП за пасишта во соработка со подружниците да ги превземе сите активности во реализација на оваа Одлука.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува до влегување во сила на новиот Закон за пасиштата.

**Член 9**

Со влегување во сила на оваа одлука престануваат да важат одлуките, 02-373/4, 03-373/5 и 02-373/6 од 22.12.2022 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта е основано со Одлука на Владата на Република Македонија бр.-982/1 од 06.04.1998 година ("Службен весник на Република Македонија„ бр.18/98).

e vetëqeverisjes lokale se parcela lëndë e kërkesës nuk është në një zonë urbane.

Pas dorëzimit të kërkesës, përfaqësuesi i NP për Kullota nga Njësia rajonale kompetente duhet të kryejë kontroll në terren në vend të parcelës lëndë e kërkesës dhe të përpilojë një procesverbal për të.

Kërkesa me dokumentacion shoqërues i dorëzohen komisionit nga paragrafi 2 i këtij neni në afat prej 3 ditësh pas kontrollit në vend.

Pas shqyrtimit të kërkesave, komisioni i paraqet drejtorit raport me propozim për dhënien e miratimeve ose refuzimin e kërkesës së tyre.

Komisioni mund të bëjë kontrollin në vend të kërkesave nëse vlerë son se nevojitet një kontroll shtesë për konstatimin e gjendjes aktuale.

**Neni 6**

Ky Vendim është marrë për shkak të nevojës së kryerjes së përhershme, të vazhdueshme dhe të pandërprerë të veprimtarisë së NP për Kullota si dhe besueshmërisë në ofrimin e shërbimeve.

**Neni 7**

Obligohet që drejtori i NP për Kullota, në bashkëpunim me Njësitë rajonale, të merr përsipër të gjitha aktivitetet në zbatim të këtij Vendimi.

**Neni 8**

Ky Vendim hyn në fuqi ditën e miratimit të tij, dhe do të zbatohet deri në hyrjen në fuqi të Ligjit të ri për Kullotat.

**Neni 9**

Me hyrjen në fuqi të këtij Vendimi shfuqizohen vendimet me nr.02-373/4, 03-373/5 dhe 02-373/6 datë 22.12.2022.

**A r s y e t i m**

Ndërmarrja Publike për Ekonomizim me Kullota është themeluar me Vendim të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë me nr.-982/1 të datës 06.04.1998 ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" me nr. 18/98).

ЈП за пасишта согласно член 2 став 4 од Законот за јавните претпријатија врши дејност од јавен интерес, при што треба да се почитуваат следните принципи: **сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспаретност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и потрошувачите.**

Член 8 од Законот за јавни претпријатија гласи: **Јавно претпријатие и друштво кое врши дејност од јавен интерес, дејноста ја врши трајно и без прекин и неговата работа е јавна и транспарентна.**

Почнувајќи од 2013 година ЈП за пасишта нема склучено ниту еден договор за користење на пасишта во државна сопственост, поради пречките во примената на Законот за изменување и дополнување на законот за пасишта ("Службен весник на Република Македонија„ бр.164/13). Поради оваа причина Јавното претпријатие има формирана работна група за изработка на предлог Закон за пасиштата со кој ќе се гарантира трајно и без прекин давање на користење на пасиштата.

Од горенаведените причини кои преставуваат пречка во сигурност на давање на услугите, континуитет и квалитет во услугите, како и вршење на дејноста трајно и без прекин, и предвид потребата од контуинирано напасување на стоката од страна на правни и физички лица се одлучи како во диспозитивот.

Оваа Одлука се донесува за да не настанат последиците од член 39 од Законот за јавни претпријатија за превземање на мерки од член 40 од истиот закон.

NP për Kullosa sipas nenit 2 paragrafi 4 të Ligjit për Ndërmarrjet Publike, kryen veprimtari me interes publik, ku duhet të respektohen këto parime: **besueshmëria në ofrimin e shërbimeve, vazhdimësia dhe cilësia e shërbimit, transparenca, disponueshmëria dhe shërbimi universal, mbrojtja e shfrytëzuesve dhe konsumatorëve.**

Neni 8 i Ligjit për Ndërmarrjet Publike thotë: **Ndërmarrja Publike dhe shoqëria që kryen veprimtari me interes publik, veprimtarinë e kryen në mënyrë të përhershme dhe pa ndërprerje dhe puna e saj është publike dhe transparente.**

Duke filluar nga viti 2013, NP për Kullota nuk ka lidhur asnjë kontratë për shfrytëzimin e kullotave në pronësi shtetërore, për shkak të pengesave në zbatimin e Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për Kullota ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" me nr. 164/13). Për këtë arsye, Ndërmarrja Publike ka formuar grupin punues për hartimin e propozim-ligjit për kullotat që do të garantojë dhënien në shfrytëzim të përhershëm dhe të pandërprerë të kullotave.

Për arsyet e mësipërme që paraqesin pengesë në besueshmërinë e ofrimit të shërbimeve, vazhdimësinë dhe cilësinë në shërbime, si dhe kryerjen e veprimtarisë në mënyrë të përhershme dhe pa ndërprerje, si dhe duke pasur parasysh nevojën e kullotjes së vazhdueshme të bagëtive nga persona juridikë dhe fizikë, u vendos si në dispozitiv.

Ky Vendim miratohet që të mos rrjedhin pasojat e nenit 39 të Ligjit për Ndërmarrjet Publike për marrjen e masave nga neni 40 i të njëjtit Ligj.

Скопје / Shkup 31.05.2023

Изработил / Përgatiti: Amir Bexheti

**Управен Одбор на ЈП за пасишта / Këshilli Drejtues i NP për Kullosa**
**Претседател / Kryetar**
**Андријана Томовска**

СКОПЈЕ
SHKUP